VII-от Конгрес на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија (СОНК), одржан на 13.10.2021 година, усвои

П Р О Г Р А М А

за работа на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија (СОНК) за мандатен период октомври 2021 - октомври 2026 година

Новиот петгодишен мандатен период на работа **,** Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р. Македонија (СОНК) ќе го темели на примена на принципите утврдени во Статутот на СОНК, со посебно ангажирање истите да се применуваат на сите нивоа на синдикалното организирање. Почитувањето на доброволноста во зачленувањето, вистинска демократичност во изразувањето и одлучувањето, подигнувањето и негувањето на чувството на взаемност и солидарност, подигнувањето и остварувањето на своите работнички права но и посветеноста на одговорноста на членството и раководството на СОНК на сите нивоа, ќе бидат основните начела врз кои ќе се заснова работењето на нашиот синдикат.

Веднаш по завршување на 7-от Конгрес, ќе започнеме со изборните активности во синдикалните организации и регионалните одбори на СОНК. Со тоа многу брзо ќе отпочнеме со реформирање на нашиот синдикат и убедени сме дека дел од веќе констатираните слабости во нашето организирање и дејствување, многу брзо ќе бидат минато, а позитивните резултати од тоа ќе бидат видливи на општо задоволство на сите членови на СОНК. Во тој контекст, СОНК ќе продолжи да го негува и гради обединувањето на работниците од образованието, науката и културата врз основа на заедничките интереси и цели, останувајќи и продолжувајќи како единствен вистински синдикат во државата, кој безрезервно работи во интерес на своето членство.

СОНК ќе продолжи да го негува и унапредува социјалниот дијалог и партнерство со надлежните на сите нивоа и ќе продолжи со својата политика на синдикално делување како синдикат, кој што е НИТУ ВЛАДИН НИТУ

АНТИ ВЛАДИН СИНДИКАТ. Со своето работење енергично ќе ги отфрли обидите на влијанието на политичките партии во делувањето на СОНК, особено преку инволвирање на партиски кадри во раководството на СОНК на сите нивоа.

СОНК ќе продолжи со заштита и унапредување на правата на своите членови што се гарантирани со Статутот на СОНК и ќе земе активно учество во креирање на нови законски решенија во дејностите што ги застапува, особено водејќи сметка на интересите на своите членови.

Членовите и раководството на СОНК во наредниот мандатен период особено ќе се ангажираат за:

- Подигнување на статусот на вработените во образованието, науката и културата и враќајќи го достоинство на професијата како воспитни, образовни, научни и културни работници со што ќе се најдат на заслуженото место во општеството.
- Сигурност на работно место, без технолошки вишоци во период на реформирање на основното и средно образование.
- СОНК ќе биде активно вклучен во креирање на новите законски решенија и будно ќе ги следи превидените реформи со цел да не дозволиме реформирање на некои од дејностите на штета на вработените - членови на СОНК.
- Подигнување на социјалниот статус на вработените во образованието, науката и културата а особено преку законската обврска да се усогласат платите на работниците по колективен договор со минималната плата на национално ниво.
- Обезбедување на здрава и безбедна работна средина, почитувајќи ги актуелните законски и подзаконски акти.
- Иницирање до надлежните за обезбедување на технички и инфраструктурни услови за извршување на квалитетна работа врз основа на задолженијата на работниците што произлегуваат од законски и подзаконски акти.
- СОНК ќе се залага и иницира пред надлежните на централна и локална власт, изградба на нови капацитети во детските градинки особено поради фактот што сè повеќе има потреба за упис на деца во градинките, а за ваквата потреба во моментов, нема просторни можности. Со тоа ќе се избегне и деценискиот проблем некои

групи во градинките да работат и со двојно зголемен број на деца според важечкиот норматив.

- Ќе продолжи со иницирање за склучување на нови колективни договори, таму каде што се застарени и таму каде што воопшто нема(ученички и студенски домови).
- Ќе превземе активности за враќање на изгубените а стекнати права, право за регрес за годишен одмор (К-15), превоз на вработените од место на живеење до работно место и назад, особено за работници кои патуваат и трошат сериозна сума средства од својата скромна плата.
- СОНК ќе побара од надлежните, особено од локалните самоуправи да води грижа за вработените кои подолг временски период работат во подалечни установи од нивното место на живеење, особено во рурални средини и да имаат предност при вработување во поблиска, односно градска средина.
- СОНК ќе се грижи за своите млади членови како најранлива категорија вработени, кои се во дадени ситуации под влијание и притисок на одредени политички партии.
- Ќе ја засилиме синдикалната едукација на сите нивоа на организирање како неизбежна потреба на нашето членство.
- Ќе продолжиме и понатаму да го јакнеме Синдикалниот фонд , пред се со постојано проширување и подигнување на правата по сите основи.
- СОНК ќе продолжи интензивно да соработува со братските синдикати во соседните држави, како и со синдикатите од бившите југословенски простори. Меѓународната соработка ќе продолжи и со останатите синдикати, членки на Европската конфедерација на синдикати (ЕТУЦЕ) и на Интернационалата за образование (ЕИ), од каде што ќе црпиме неизмерна подршка, знаења и искуства.
- СОНК ќе ја интензивира работата во Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија (КСС) и ќе продолжи да учествува во креирањето на политиките на КСС.
- Особено ќе се посвети внимание во наредниот мандатен период на поефтино и поквалитетно живеење на членовите на СОНК, обезбедувајќи им многу повеќе привелегии во однос на

секојдневни потреби за купување на храна и облека и др., одмор и рекреација, станбено прашање и т.н. Во контекст на ова, планираме да склучиме многу сериозни договори со претпријатија од Македонија и надвор од неа, со што би се задоволиле споменатите потреби на членството.

- Во наредниот мандатен период СОНК свечено ќе ги одбележи Денот на СОНК и Денот на просветните работници.
- СОНК ќе направи и сериозен исчекор во однос на брзото и навремено информирање на своето членство
- СОНК ќе продолжи со својата транспарентност и отчетност за своето работење на сите нивоа на организирање.

Убедени сме дека оваа Програма за работа на СОНК во мандатниот период октомври 2021 - октомври 2026 година е реална и дека сите заедно ќе успееме успешно да ја реализираме.